ВЕБ СТРАНА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА
http://www.fusmak.org.mk

Александар Ацески, Александар Туфекчиевски

Федерација на училишен спорт на Македонија

ВОВЕД

Интернетот е широко распространета мрежа која овозможува јавен пристап на меѓусебно поврзани компјутерски мрежи преку кои се пренесуваат податоци. Во рамките оваа глобална мрежа егзистираат академски, бизнис, владини и други мрежи, кои заедно даваат најразлични информации и услуги, како што се електронска пошта, интернет разговор, размена на податоци итн.

Интернетот ни овозможува и пристап до веб страни (web pages) кои меѓусебно се поврзани со линкови (links) на кои може да се пристапи преку интернет пребарувач (web browser).

Придобивките од овие современи комуникациски тенденции, преку брз пристап до информации се основа за формирањето на веб страната на Федерацијата на училишен спорт на Македонија.

КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ВЕБ СТРАНАТА http://www.fusmak.org.mk

Веб страната на Федерацијата на училишен спорт на Македонија е креирана во програмот Front Page 2002 и е поделена во повеќе меѓусебно поврзани страни.

Почетната страна **“Дома”** ни дава најразлични информации за ФУСМ.




На страната **"Државни лиги"** се прикажани табелите со конечниот пласман на училиштата учеснички во државните лиги 2007 г, распоредот на натпреварите, како и пропозициите за натпреварување заедно со укажувањата до тренерите и делегатите кои се одговорни на натпреварите.



Раководната структура на федерацијата е претставена на страната **"Раководство"** каде што се сместени сите раководни и професионално одговорни лица. На оваа страна се наоѓаат и одговорните лица од општинските организации како и нивните електронски пошти.



Организациската поставеност на федерацијата е дадена на страната **“Органограм”**.




На страната **“календар на натпревари”** се прикажани сите натпревари кои се во организации на федерацијата, со точна сатница и место на одигрување.



ред. бр.	Спорт	Град и место на одржување	Дата	Време на пристигнување	Контакт
1.	Пинг-Понг	Прилеп Д.С.Г. Партизан	10.11.2006	до 10 час.	070 208 858
2.	Шах	Пробиштип О.У. Никола Карев	24.11.2006	до 10 час.	071 619 932
3.	Стрелаштво	Скопје Д.Т.В. "Партизан" Карпош 4	01.12.2006	до 10 час.	02/3227 005
4.	Карате - ката	Велес О.У. Блаже Конески	08.12.2006	до 10 час.	070 577 915
5.	Џудо	Прилеп О.У. Орде Чопела	15.12.2006	до 10 час.	070 208 858
6.	Борење – сл. стил	Кочани Градска Сала	16.03.2007	до 10 час.	075 922 571
7.	Кајак – мирни води	Струга Градска Плажа	23.03.2007	до 10 час.	ФУСМ 02/3116 824
8.	Пливање	Скопје	Јуни 2007	до 10 час.	02/3227 005
9.	Гимнастика	Битола Д.Т.В. Партизан	Мај 2007	до 10 час.	071 511 094
10.	Скијање	Битола Дет. Одморал. Пелистер	Фев. 2007	до 10 час.	071 511 094
11.	Тенис	Кочани Г. Стадион. Т.К. Аква-Тен	25.05.2007	до 10 час.	075 922 571


Најактуелните случувања кои се во орагнизација на федерацијата се поставени на страната **“актуелно”**.




“Извештаите од натпреварите” од сите натпревари во сите категории се поставени на истоимената страна.



На страната **“проекти”** се забележени сите проекти кои ги реализира федерацијата.



Програмата за работа на федерацијата, правилнокот за работа како и потребните документи за формирање на училишен спортски клуб се дадени на страната **“нормативни акти**” од каде што истите можат да се превземат.



На страната **"галерија"** се поставени слики и видео записи од разни манифестации во организација на федерацијата.



На веб страната се поставени и логоа од разни институции со кои федерацијата има соработка, која се остварува преку директна или индиректна поддршка на активностите кои таа ги реализира.

Со кликнување на логото од тие институции е овозможен директен пристап до нивните веб страни.

Електронската пошта како и телефонскиот број со адресата на федерацијата се поставени на сите горе наведени страни со цел посетителот да има лесен пристап до овие важни инфформации.

За евидентирање на посетеноста на веб страната е поставен бројчаник кој секојдневно го регистрира вкупниот бројот на посетители. Овој број за период од една година изнесува 3160.

На повеќето страни е оставена и можност посетителот да превземе одреден текст или некоја апликација која понатаму самиот може да ја пополни.

ЗАКЛУЧОК

Современиот начин на комуникација ја наметнува потребата од брз трансфер на податоци и информации. Еден од најефикасните начини за оваа намена е интернетот со сите негови можности.

Веб страната на Федерацијата на училишен спорт на Македонија претставува еден пример на база на податоци и информации, која ги регистрира активностите на истата.

Примерот на создавање на веб страна можат да го следат и општинските организации преку креирање на свои страни каде што ќе ги бележат своите активности, а тоа не бара голема финансиска поддршка. Во рамките на тие веб страни може да се направи и меѓулинковско поврзување со ФУСМ како и со сите општински организации кои имаат своја веб страна. Тоа овозможува и директно користење на сите информации од страна на сите ученици од основните и средните училишта, како и на сите други заинтересирани субјекти за училишниот спорт.

ЛИТЕРАТУРА

Јованов, М. Информатика основен курс. (скрипта).
Јованчевски, Ѓ., Алексов, З., Поповска, М., Ристова, А. (2005). Компјутер, што е за што се користи и како? ГОЦМАР, Битола
http://en.wikipedia.org/wiki/Internet
http://www.google.com/search?hl=mk&defl=en&q=define:Internet&sa=X&oi=glossary_definition&ct=title
http://www.webopedia.com/TERM/I/Internet.html
http://www.frontpage2002.com/frontpage_2003_tutorial_guide.htm